**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 06. 11. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5448 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДОО Тетово;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 22 до 31 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 6 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Вкупното времетраење на анализираните прилози е 2 часа 13 минути и 30 секунди. Анализата се однесува на десетдневниот период од 22 до 31 октомври и прегледани се исто толку изданија на Вестите на

ТВ Арт емитувани во 18 часот и 45 минути. Станува збор за прилози со информативен предзнак (вест, вест во низа, извештаи, извештаи со коментар, изјави).

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Арт | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Министри/заменици од СДСМ | 00:02:57 | 2,21 | % |
| Специјално обвинителство | 00:04:21 | 3,26 | % |
| Влада на РМ | 00:09:40 | 7,24 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:51 | 5,13 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:53 | 2,91 | % |
| ДИК и други органи | 00:08:27 | 6,33 | % |
| Без субјекти | 00:17:50 | 13,36 | % |
| Локална самоуправа | 00:07:50 | 5,87 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:02:20 | 1,75 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:57 | 0,71 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:05:40 | 4,24 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:04:53 | 3,66 | % |
| СДСМ | 00:07:14 | 5,42 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:39 | 0,49 | % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:39 | 0,49 | % |
| ДПСМ - Демократска партија на Србите во Македонија | 00:00:39 | 0,49 | % |
| ДПА-ДР | 00:03:28 | 2,60 | % |
| Унитети | 00:00:46 | 0,57 | % |
| НДП - Весел Мемеди | 00:00:46 | 0,57 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:00:46 | 0,57 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:23 | 1,79 | % |
| Граѓански сектор | 00:09:07 | 6,83 | % |
| Други субјекти | 00:19:00 | 14,23 | % |
| ВМРО ДП | 00:00:38 | 0,47 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:02:13 | 1,66 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:08 | 0,10 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:08 | 0,10 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:00:08 | 0,10 | % |
| Судство | 00:01:41 | 1,26 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:35 | 1,19 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:50 | 2,12 | % |
| Беса | 00:03:03 | 2,28 | % |
| | **Вкупно: 02:13:30** | 100 | % |

Меѓу триесет и двата субјекта коишто се појавуваат во анализираните прилози на ТВ Арт, според временската присутност доминираат категориите „Други субјекти“ и „Без субјекти“, со застапеност од 19 минути (14.23%), односно безмалку 18 минути (13.36%). Со значително помала застапеност во поглед на

првите два субјекта, следуваат „Влада на РМ" околу 10 минути (7.24%), „Граѓански сектор" 9 минути (6.83%), „ДИК и други органи" 8 и пол минути (6.33%) итн.

Како и во претходниот извештаен период, првозастапена е категоријата „Други субјекти", која ја сочинуваат: Универзитет „Мајка Тереза", лекари, издавачи, Тетовски универзитет, писатели, рецензенти, Стопанска комора на северозападна Македонија, поранешниот директор на УБК, Слободан Богоевски, Стопанска комора на РМ, Исламска верска заедница, Здружение на книжевни издавачи и др.

Прилогот за лошата економска состојба во којашто се наоѓа социјално семејство од Гостивар, којшто трае речиси шест минути, зафаќа една третина од вкупното време одвоено за субјектите кодирани како „Без субјекти", коишто се појавуваат како второзастапени во вестите на ТВ Арт. Медиумот известува и за протестите на граѓаните од село Доброште, против изградбата на хидроцентрала во близина на селото, кадешто соговорници се жителите на населеното место. За неколку теми околу кои гради новинарски прилози (вакцинирањето против сезонски грип, какви треба да бидат идните пратеници и дали би гласале за лице од друга етничка припадност, економската состојба на граѓаните, грејната сезона, саем на книгата во Тетово), медиумот реализира анкети со граѓаните со цел да го слушне нивното мислење за посочените теми. Реализираните анкети се дополнителна причина за присутноста на оваа категорија субјекти.

Известувањето за активностите на претставниците на Владата во поголем дел е за нивните редовни активности, поврзани со функцијата што ја извршуваат, а дел е за сообраќајните прекршоци на дополнителниот заменик министер за труд и социјална политика, Диме Спасов. Телевизијата извести за првиот академски час на универзитетот „Мајка Тереза" и обраќањето на министерот Пиштар Љутфиу, за реакцијата на Министерството за транспорт и врски кон обвинувањата од СДСМ поврзани со обиколницата околу Скопје, за потпишаниот договор со ОН за постојан стратегиски развој, за резултатите од истражувањето на „Дуинг бизнис" и обраќањето по тој повод на вицепремиерот Владимир Пешевски и др. Во врска со настаните поврзани со дополнителниот заменик министер Диме Спасов, медиумот ги пренесе неговите ставови, на МВР и на другите засегнати страни.

Во рамки на анализираните прилози во вестите, простор е отстапен и за седумнаесет политички субјекти. Позастапени се информациите за три политички партии (СДСМ, ДУИ и ВМРО ДПМНЕ), а медиумот информираше и за активностите на следниве политички субјекти: ДПА-ДР, Беса, ДПА, ВМРО Народна партија, Унитети, НДП на Весел Мемеди, Народно движење за Македонија, ВМРО ДП, Коалиција за промени и правда, Обединети за Македонија, Достоинство, ГРОМ, СПМ и Демократска партија на Србите во Македонија.

***<u>Табела 2: Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ Арт | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:02:38 | 6,64 % |
| ДИК и други органи | 00:02:47 | 7,02 % |
| Локална самоуправа | 00:03:14 | 8,15 % |
| Без субјекти | 00:00:54 | 2,27 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:02:05 | 5,25 % |
| Влада на РМ | 00:01:42 | 4,29 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:31 | 3,83 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:00:53 | 2,23 % |
| СДСМ | 00:03:36 | 9,08 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:28 | 1,18 % |
| ДПА-ДР | 00:01:38 | 4,12 % |
| Унитети | 00:00:56 | 2,35 % |
| Граѓански сектор | 00:02:52 | 7,23 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Други субјекти | 00:09:25 | 23,75 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:43 | 1,81 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:15 | 3,15 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:23 | 0,97 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:34 | 1,43 | % |
| Беса | 00:01:29 | 3,74 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:00:36 | 1,51 | % |
| | **Вкупно: 00:39:39** | 100 | % |

Повеќе од една петтина од вкупното време на директните обраќања е одвоено за субјектите кодирани како „Други субјекти". Следуваат: СДСМ, Локална самоуправа итн.

***Посебни информативни емисии***

*Интервјуа*

Емитувани се две интервјуа, едното на 22 октомври, а второто ден потоа, на 23 октомври.

Првото интервју е реализирано со членот на Државната изборна комисија, Субхи Јакупи, а беше разговарано за активностите на ДИК во врска со претстојните избори, нерешените прашања за големината на изборните единици, гласањето на дијаспората и др.

Второто интервју е со Диана Тоска, новинар - аналитичар на политичките настани. Тема на разговор беа актуелните политички случувања.

*Други информативни програми*

Во рамки на извештајниот период, емитувано е едно издание на емисијата којашто се занимава пред се со обработка на економски теми, насловена „Уметност на финансиите", и две репризни изданија на истата емисија.

Премиерата е емитувана на 26 октомври. Станува збор за колажна емисија составена од повеќе прилози, во коишто се говори за економските потенцијали на нашата држава, за условите за реализирање на бизнис идеи и за конкурентноста надвор од границите на Македонија. Емитувани се разговори со универзитетскиот професор Насир Селими, Сервет Ќазими од приватната компанија „Сентис АГ" и Ремзи Абдулаи од „Вардар Доломит". Репризите на емисијата се емитувани на 27 и 30 октомври 2016 година.

***Сектор за програмски работи***